Универзитет „Свети Кирил и Методиј“

# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

## УПИС

На МФС во прва година во учебната 2006/2007 година во првиот, вториот и третиот уписен рок вкупно се запишаа 455 студенти.

Од нив на академски студии се запишани 307 студенти, а на професионални студии 148 студенти.

## КОНКУРСИ

Во рамките на Темпус III програмата за високо образование распишан е конкурс, на кои може да се аплицира за: индивидуални мобилности - IMG и структурни и комплементарни мерки - SCM проекти. Конкурсот е отворен до 16 октомври 2006 година.

Податоците за конкурсот се објавени на огласната табла во Деканатот на МФС.

## ПРЕДАВАЊЕ

На 29 септември 2006 година со почеток во 11:00 часот, во просториите на МФС ке се одржат две предавања од областа на енергетиката, во рамки на активностите на Македонско Јапонското Алумни Здружение.

Предавачи ќе бидат Доц. д-р Ристо Филковски од МФС и Вон. Проф. д-р Маргарита Гиновска од ЕТФ. Тие ќе ги презентираат искуствата од престојот во Јапонија.




## КОНФЕРЕНЦИЈА

Претставништвото на Австриската агенција за наука, со седиште во Софија, на 19 и 20 октомври 2006 година во Софија ќе се одржи Конференција за млади научници од регионот на тема "Opportunities for Young Scientists / Early Stage Researchers".

Се охрабруваат младите научници да пројават интерес за учество на настанот, подетални информации кај продеканот за наука.

## МАГИСТЕРСКИ СТУДИИ

Дипл. маш. инж. Александар Костиќ успешно ја одбрани својата магистерска теза на ден 31.08.2006.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

Сите информации да се доставуваат кај секретарката на деканот, Весела Шапкарева, тел. 3099-200, или по e-mail webmaster@mf.ukim.edu.mk

## О Т С У С Т В А

Во текот на летните месеци 2006 година службени патувања во странство заради студиски или стручен престој остварија следниве наставници и соработници:

1. Доц. д-р Никола Тунески во Белград и Ниш, Србија.
2. Проф. д-р Ристо Цицонков во Нинберг, Германија.
3. Доц. д-р Ѓорѓи Аџиев во Марибор, Словенија и Солун, Грција.
4. Проф. д-р Славе Арменски и доц. д-р Доне Ташевски во Солун, Грција.
5. Проф. д-р Делчо Јованоски во Софија, Бугарија.
6. Асс. м-р Роза Ацески во Данска.
7. Проф. д-р Звонимир Костиќ во Србија.
8. Проф. д-р Милан Ќосевски во Дармштат, Германија и Грац, Австрија.
9. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ во Грац, Австрија
10. Доц. д-р Ристо Филкоски во Врњачка бања, Србија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**28.09.2006**
**22 СЕДНИЦА НА ННС**

**02.10.2006**
**Амфитеатар на МФС**
**10:00 час**
**СВЕЧЕН ПРВ ЧАС СО НОВИТЕ СТУДЕНТИ**

**11.10.2006**
**НЕРАБОТЕН ДЕН ПОПОВОД ДЕНОТ НА ВОСТАНИЕТО**

**26.10.2006**
**23 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*

**Година 2006, септември, број 53**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

## ... АКТИВНОСТИ ...

Периодот на годишни одмори заврши. Испитната сесија е при крај, запишување на студентите во зимскиот семестар, почетокот на новата учебна година, реализирање на разни проекти и апликации. Да пружиме се од себе за успешено реализирање на сите планови и работни задачи.

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

Во понеделник, втори октомври со почеток во 10 часот во Амфитеатарот на МФС со првиот свечен час ќе започне новата учебна година.

Сите заедно да ги дочекаме и поздравиме нашите идни колеги.